Врз основа на член 59 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија и Одлуката за утврдување потреба од засновање работен однос 04-322/1 од 4 јануари 2022 година, Народната банка на Република Северна Македонија распишува

**ОГЛАС**
**за вработување во Народната банка на Република Северна Македонија**

1.Народната банка на Република Северна Македонија објавува оглас за вработување на 5 извршители, и тоа:

- 1 извршител на работното место „помлад аналитичар I степен" во Дирекцијата за банкарска регулатива и решавање банки на неопределено време;
- 1 извршител на работно место „помлад аналитичар I степен" во Отсекот за финансиска стабилност и макропрудентна политика во Дирекцијата за финансиска стабилност и макропрудентна политика на неопределено време ;
- 1 извршител на работно место „супервизор II степен" во Отсекот за лиценцирање и корективни мерки во Дирекцијата за вонтеренска супервизија и лиценцирање на неопределено време;
- 1 извршител на работно место „советник експерт" во Кабинетот на гувернерот на неопределено време и
- 1 извршител на работно место „помлад супервизор почетен I степен во Дирекцијата за теренска супервизија на определено време во траење од 1 година

2.Кандидатите за работните места од точка 1, треба да ги исполнуваат следниве општи услови за засновање на работен однос утврдени во Колективниот договор на ниво на Народната банка на Република Македонија: да се државјани на Република Северна Македонија, да се полнолетни, да имаат општа здравствена способност за работното место и да не им е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

3.Покрај општите услови за засновање на работен однос утврдени во Колективниот договор на ниво на Народната банка на Република Македонија, кандидатите, треба да ги исполнуваат и следниве посебни услови:

-за работното место „помлад аналитичар I степен" во Дирекцијата за банкарска регулатива и решавање на банки: да имаат завршено факултет од областа на правните науки или економските науки, со најмалку 180 кредити (VIБ), да имаат работен стаж од најмалку 1 година стекнат по завршувањето на високото образование, основни познавање на банкарскиот и финансискиот систем на Република Северна Македонија, основни познавање на базелските стандарди од областа на банкарството и банкарската супервизија, одлично познавање на англискиот јазик и работа на компјутер (MS Office) и познавања од областа на работењето на Народната банка.

Кандидатите за работното место од оваа алинеја ќе бидат тестирани за нивните стручни знаења потребни за работното место и англиски јазик.

- за работното место „помлад аналитичар I степен" во Отсекот за финансиска стабилност и макропрудентна политика во Дирекцијата за финансиска стабилност и макропрудентна политика: да имаат завршено факултет од областа на економските или природно-математичките науки, со најмалку 180 кредити (VIБ), да имаат работен стаж од најмалку 1 година стекнат по завршувањето на високото образование, основни познавања од областа на банкарскиот и финансискиот систем, познавања од областа на макропрудентнтите интрументи, познавања на економетриски алатки и

методи/модели,  одлично познавање на англискиот јазик и работа со компјутер (MS Office) и познавања од областа на работењето на Народната банка.

Кандидатите за работното место од оваа алинеја ќе бидат тестирани за нивните стручни знаења потребни за работното место, англиски јазик и работа со компјутер (MS Office).

-за работно место „супервизор II степен" во Отсекот за лиценцирање и корективни мерки во Дирекцијата за вонтеренска супервизија и лиценцирање: да имаат завршено факултет од областа на економските или правните науки со најмалку 180 ЕКТС кредити (VIБ), да имаат работен стаж најмалку 2 години стекнат по завршувањето на високото образование, да имаат познавање на регулативата поврзана со работењето и супервизијата на банките, штедилниците и/или овластените менувачи и субјектите кои вршат брз трансфер на пари, познавање на англиски јазик, работа со компјутер и познавања од областа на работењето на Народната банка.

Кандидатите за работното место од оваа алинеја ќе бидат тестирани за нивните стручни знаења потребни за работното место.

-за работно место „советник експерт" во Кабинетот на гувернерот: да имаат завршено факултет од областа на економските или правните науки со 240 ЕКТС кредити (VIA), да имаат работен стаж најмалку 4 години стекнат по завршување на високото образование, да имаат познавање на англиски јазик, работа со компјутер, комуникациски способности и познавања од областа на работењето на Народната банка.

Кандидатите за работното место од оваа алинеја да бидат тестирани за нивните комуникациски способности во делот на комуникациите со јавноста и протоколарни активности, познавањата на организационата структура и работењето на меѓународните организации и институции со коишто Народната банка остварува соработка и познавање на англиски јазик.

-за работно место „помлад супервизор почетен I степен во Дирекцијата за теренска супервизија: да имаат завршено факултет од областа на економските, правните, информатичките или математичките науки со најмалку 180 ЕКТС кредити (VIБ), со или без работен стаж, да имаат познавање на англиски јазик, работа со компјутер, познавања од областа на работењето на Народната банка.

Кандидатите за работното место од оваа алинеја да бидат тестирани за нивните стручни знаења потребни за работното место.

4.Кандидатите за работните места од точка 1 потребно е да достават:

- пријава и кратка биографија;
- доказ за државјанство издаден од надлежен орган на Република Северна Македонија;
- потврда од надлежен орган (Централен регистар на Република Северна Македонија или надлежен суд) која изричито ќе гласи дека на лицето не му е изречена казна, забрана за вршење професија, дејност или должност, не постара од 6 месеци пред денот на поднесувањето на пријавата (други потврди кои нема да гласат согласно наведеното, нема да се прифаќаат);
- диплома или уверение за завршено образование и
- доказ за работен стаж задолжително за работните места од точка 1 алинеи 1, 2, 3 и 4, а за работното место од алинеја 5 само доколку го имаат од Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија (други потврди од Агенција за вработување нема да се прифаќаат);
- Кандидатите за работните места од точка 1 алинеи 3 и 5 треба да достават доказ за познавање на англиски јазик (уверение, потврда, друг документ, или

свидетелство од образовна институција како доказ дека се учело англиски јазик) и доказ за познавање работа со компјутери (уверение, потврда, друг документ, или свидетелство од образовна институција како доказ дека се учело работа со компјутери.

Сите докази може да бидат доставени во копија.

5.Работното време, во работната недела за работното место од точка 1 започнува помеѓу 8,00 и 9,00 часот, а завршува помеѓу 16,00 и 17,00 часот

6.Во согласност со Колективниот договор на ниво на Народната банка, со кандидатите кои ќе засноваат работен однос на работното место од точка 1 од алинеите 1, 2, 3 и 4 на оваа одлука, кои имаат работен стаж и за првпат склучуваат договор за вработување со Народната банка, да се склучи договор за вработување на неопределено време со вршење пробна работа во времетраење од 1 месец.

Со кандидатот кој ќе заснова работен однос на работното место од точка 1 алинеја 5 на оваа одлука, кој нема работен стаж, да се склучи договор за вработување на определено време со вршење на приправнички стаж во времетраење од најмногу 12 месеци, а доколку кандидатот има работен стаж и за првпат склучува договор за вработување со Народната банка, да се склучи договор за вработување на определено време со вршење пробна работа во времетраење од 1 месец.

7.Висината на основната (нето) плата:

- за работното место помлад аналитичар I степен во Дирекцијата за банкарска регулатива и решавање банки изнесува 42.526,00 денари, додека за време на пробната работа висината на основната (нето) плата изнесува 50% од основната (нето) плата, односно 21.691,00 денари;
- за работното место помлад аналитичар I степен во Отсекот за финансиска стабилност и макропрудентна политика во Дирекцијата за финансиска стабилност и макропрудентна политика изнесува 42.526,00 денари, додека за време на пробната работа висината на основната (нето) плата изнесува 50% од основната (нето) плата, односно 21.691,00 денари;
- за работното место супервизор II степен во Отсекот за лиценцирање и корективни мерки во Дирекцијата за вонтеренска супервизија и лиценцирање изнесува 47.526,00 денари, додека за време на пробната работа висината на основната (нето) плата изнесува 50% од основната (нето) плата, односно 24.184,00 денари;
- за работното место советник експерт во Кабинетот на гувернерот изнесува 60.065,00, додека за време на пробната работа висината на основната (нето) плата изнесува 50% од основната (нето) плата, односно 30.455,00 денари и
- за работното место помлад супервизор почетен I степен во Дирекцијата за теренска супервизија изнесува 26.258,00 денари, додека за време на пробната работа висината на основната (нето) плата изнесува 50% од основната (нето) плата, односно 13.308,00 денари, додека за време на приправничкиот стаж изнесува 70% од основната (нето) плата, односно 18.635,00 денари

8.Рокот за доставување на документите изнесува 7 работни дена, сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на огласот.

9.Изборот на работниците кои ќе засноваат работен однос во Народната банка ќе се изврши во рок од 45 дена по истекот на рокот за пријавување.

10.Ненавремената документација нема да биде разгледувана.

11.Пријавата е објавена на интернет страната на Народната банка на Република Северна Македонија.

Пријавата со потребната документација да се достават до Архивата на Народната банка на Република Северна Македонија на Бул.Кузман Јосифовски Питу" бр.1, Скопје.

**Народна банка на Република Северна  Македонија**